Уп. бр. 08-79

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Балкан Алајанс Хелткер Б.В. со регистрирано седиште на ул. Стравинскилан бр. 1421, 1077XX Амстердам, Холандија, доставено преку Адвокатско друштво Папазовски и Мишев од Скопје, на седницата одржана на ден 14.07.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на директна контрола од страна на Балкан Алајанс Хелткер Б.В. со регистрирано седиште на ул. Стравинскилан бр. 1421, 1077XX Амстердам, Холандија над Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје со регистрирано седиште на ул. Бледски Договор бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.06.2023 година, а дополнето на ден 13.06.2023 година и 20.06.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото Балкан Алајанс Хелткер Б.В. со регистрирано седиште на ул. Стравинскилан бр. 1421, 1077XX Амстердам, Холандија, со кое Балкан Алајанс Хелткер Б.В. ќе стекне директна контрола над Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје со регистрирано седиште на ул. Бледски Договор бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Балкан Алајанс Хелткер Б.В.** друштво основано согласно регулативата на Холандија, со седиште во ул. Стравинскилан бр. 1421, 1077XX Амстердам, Холандија, во рамките на својата инвестициона политика има намера да стапи во стратешко партнерство со Приватната здравствена установа – Клиничка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје преку стекнување на контрола со купување на мнозински удел, согласно одредбите од Законот за установите и Законот за здравствената заштита. Балкан Алајанс Хелткер Б.В. е холдинг друштво кое што врши инвестиции во компании кои вршат активности поврзани со давање на здравствени услуги. Целите на Балкан Алајанс Хелткер Б.В. како холдинг друштво е да основа нови друштва и/или да учествува, да управува и да ги надгледува постоечките бизниси и друштва, да финансира, да дава или зема заеми, и да собираат средства, вклучително и издавање на обврзници, задолжници или други хартии од вредност и сл., а за целите на работење на друштвата во кои има учество. Балкан Алајанс Хелткер Б.В. има индиректно учество во две болници во Косово и Албанија, и нема било какво присуство во Република Северна Македонија.

-**Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје** врши дејности поврзани со давање на различни здравствени услуги на трети лица преку клиничка болница и тоа општа хирургија, кардиоваскуларна хирургија на деца и возрасни, ортопедија, интерна медицина, гинекологија и акушерство, урологија, детски болести/педијатрија, оториноларингологија, радиодијагностика, психијатрија, дерматовенерологија, неврологија, лабораторија и друго.

Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје ги врши следните здравствени дејности на секундарно ниво надвор од мрежата на здравствени установи и тоа:
-Специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност за внатрешни болести, кардиологија и детска кардиологија, гинекологија и акушерство, детски болести, болести на уво, нос и грло, неврологија, неонатологија, дерматовенерологија, неврохирургија, кардиохирургија за возрасни и детска кардиохирургија, васкуларна хирургија, торакална хирургија, општа хирургија, онкологија, абдоминална хирургија, ортопедија со трауматологија, урологија и анестезија и реанимација;
-Радиолошка дијагностика, микробиолошки, биохемиски и трансфузиолошки лабораториски испитувања и дијагностичка лабораторија за молекуларна дијагностика, обезбедување на крв и крвни деривативи, обезбедување со лекови и синтетско материјални средства, сместување и исхрана на болни.

Дополнително, Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје врши и болничко здравствена дејност за кардиоваскуларна хирургија за возрасни и детска кардиоваскуларна хирургија и интервентна кардиологија кај осигурени лица до 18 година во рамките на мрежата на здравствени установи, за која дејност Целното претпријатие има склучено договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје има едно зависно друштво во Република Северна Македонија и тоа - Приватна здравствена

установа-Поликлиника од специјалстичко-консултативназдравествена дејност ЖАН МИТРЕВ ДИЈАГНОСТИК Струмица со регистрирано седиште на ул. Гоце Делчев бр.113-зг.3/1, Струмица и со регистрирана дејност-дејности на специјалистичка медицинска пракса.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита а конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**